Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ “ бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,42/14,44/15,129/15и 39/16),Општина Охрид, на ден година, 22.05.2020г. донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за УЗ 15,УБ 15.7 општина Охрид ,планиран развој 2018-2023 ,Охрид, кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Детален урбанистички план за УЗ 15,УБ 15.7 општина Охрид ,планиран развој 2018-2023 ,Охрид се определуваат следните: Министерство за заштита на животната средина и просторно планирање и Општина Охрид
3. За планскиот документ Детален урбанистички план за УЗ 15,УБ 15.7 општина Охрид ,планиран развој 2018-2023 ,Охрид , кој плански документ го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса/и:www.ohrid.gov.mk
6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната .

Бр. Име и презиме

. Градоначалник

Место Д-р. Константин Георгиески

Охрид

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план за УЗ 15, УБ 15.7 општина Охрид, планиран развој 2018-2023 |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Охрид |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Охрид |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бранко Арнаудоски |
| Назив на работното место | Пом. раководител на Сектор за урбанизам и и управување со градежно земјиште |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 046/262-492; 070/348-348 |

**Основни податоци за планскиот документ**

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

Основа за изработка на овој Детален урбанистички план за УЗ 15, УБ 15.7 општина Охрид, планиран развој 2018-2023 ќе биде ГУП на град Охрид кој е донесен со одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 год.,објавен во Службен Гласник на Општина Охрид бр.7, од 03.07.2006 год.
Деталниот урбанистички план се изработува врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со член 11, член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15,31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр.11/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 134/16, 33/17 и86/18) и Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината,формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15) и следните точки:
o Да се почитува намената на земјиштето утврдена со планот од повисоко ниво – ГУП на град Охрид;
o Заради флексибилност на планот при одредување на намената на земјиштето како планска одредба да се утврди максимален процент на намена одредена со планот од повисоко ниво;
o Да се почитува категоријата на сообраќајници утврден со планот од повисоко ниво - ГУП на град Охрид;
o Да се планира комунална инфраструктура во согласност со законската регулатива и сите водови да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори.

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

Да ☐
Не ☐

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

/

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

/

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор**

**Намените** кои се предвидени во предметниот простор се согласно членовите 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32 и 33 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Имајќи го предвид горе цитираното, а согласно Прилог 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање – Наменска употреба на градежно земјиште во урбанистички планови донесени до јуни 2006г. предвидени се следните класи на намени.
За **мало стопанство и сервиси - Г2, Г3, Г4, Б1, Б2, Б4**

| |
|---|
| За **терцијален сектор – Г2, Г3, Г4, Б1, Б2, Б4**<br>**Г - производство, дистрибуција и сервиси;**<br>**Г2** – лесна и незагадувачка индустрија;<br>**Г3** – сервиси;<br>**Г4** – стоваришта.<br>**Б – комерцијални и деловни намени**<br>**Б1** – мали комерцијални и деловни намени<br>**Б2** – големи трговски единици<br>**Б4** – деловни простори.<br>**Д – зеленило и рекреација**<br>**Д2**– заштитно зеленило.<br>**Е- инфратсруктура**<br>**Е1**–комунална инфраструктура - планирање на сообраќајна и друга инфраструктура<br>**Е2**–комунална супраструктура – планирање на трафостаници и друга супраструктура<br>Заради флексибилност на планот при одредување на намената на земјиштето како планска одредба потребно е да се утврди максимален процент на компатибилна класа намена согласно член 31 Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 134/16, 33/17 и 86/18). |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Деталниот урбанистички план како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организирани простори со различни намени, одредување намена за поедини градежни парцели со компатибилни класи на намена на основната намена која е дефинирана со законска регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална висина до венец и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничување преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни и инфраструктурни решенија. Овие цели треба да се остварат преку утврдување на систем од правила и условености преку кој контролирано ќе се поттикне градежната активност во рамките на локалитетот, притоа водејќи сметка за зачувување на јавниот интерес. Од деталниот урбанистички план се очекува да се препознаат потребите и потенцијалот за иден развој на предметниот локалитет, и да се понуди рационално, технички издржано и естетски квалитетно решение.<br>Со изработката на деталниот урбанистички план треба да се изврши усогласување на планските решенија за овој простор со Генералниот урбанистички план на град Охрид, со што ќе се овозможи непречена изградба и уредување на земјиштето во рамките на дефинираниот плански опфат. Преку планските решенија потребно е да се отстранат препознаените недостатоци на важечките плански документи кои ја отежнуваат или спречуваат нивната реализација.<br>Главна цел на Деталниот урбанистички план е уредување и организирање на просторот преку:<br>o Одредување на плански опфат<br>o Одредување на градежни парцели |

| |
|---|
| o Планирање на потребни површини за градба<br>o Утврдување на основна класа на намена со компатибилни класи на намена согласно законската регулатива<br>o Приклучок на локацијата на сообраќајна инфраструктура<br>o Приклучок на локацијата со електрична енергија, и др. инфраструктура |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2018-2023 |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Деталниот урбанистички план се изработува за УЗ 15, УБ 15.7 - Општина Охрид. Просторот кој е предмет на изработка на деталниот урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Охрид, долж регионалниот пат Охрид-Битола во непосредна близина на село Лескоец. Планскиот опфат е дефиниран со Генералниот урбанистички план на град Охрид и ги има следниве граници:<br>- север - граница на опфатот на ГУП на град Охрид (по катастарски парцели).<br>- исток - магистрална улица со профил М4 – ул. “15ти Корпус”,<br>- југ – сервисна улица со профил СЕ 15.3 и<br>- запад - собирна улица со профил С7 ул. “Петрино”<br>Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 25,10 ха. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со планскиот документ предвидени се следните класи на намени.<br>За **мало стопанство и сервиси - Г2, Г3, Г4, Б1, Б2, Б4**<br>За **терцијален сектор – Г2, Г3, Г4, Б1, Б2, Б4**<br>**Г - производство, дистрибуција и сервиси;**<br>**Г2** – лесна и незагадувачка индустрија;<br>**Г3** – сервиси;<br>**Г4** – стоваришта.<br>**Б – комерцијални и деловни намени**<br>**Б1** – мали комерцијални и деловни намени<br>**Б2** – големи трговски единици<br>**Б4** – деловни простори. |

| | |
|---|---|
| **Д – зеленило и рекреација**<br>**Д2**– заштитно зеленило.<br>**Е- инфратсруктура**<br>**Е1**–комунална инфраструктура **-** планирање на сообраќајна и друга инфраструктура<br>**Е2**–комунална супраструктура – планирање на трафостаници и друга супраструктура<br>Теренот е рамничарски и се наоѓа непосредно до магистралниот пат Охрид –Битола.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>-Расчистување на вегетација, движење на механизацијата, складирање на материјали на несоодветни локации<br>-Градежните активности, движењата на камионите и механизацијата може да предизвикаат повисоки нивоа на бучава<br>-Евентуални пропуштања и истекување на масло од возилата или опремата<br>-Создавање на различен вид отпад(вегетација, комунален отпад, градежен отпад, асфалт)<br>Во оперативната фаза новоизградените објекти во планскиот опфат може да бидат потенцијални извори на емисии кои негативно може да вијаат врз медиумите од животната средина и здравјето на населението | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;** | Просторот кој е предмет на изготвување на оваа планска документација е со класи на намена.<br>За **мало стопанство и сервиси** - **Г2, Г3, Г4, Б1, Б2, Б4**<br>За **терцијален сектор** – **Г2, Г3, Г4, Б1, Б2, Б4**<br>**Г - производство, дистрибуција и сервиси;**<br>**Г2** – лесна и незагадувачка индустрија;<br>**Г3** – сервиси;<br>**Г4** – стоваришта.<br>**Б – комерцијални и деловни намени**<br>**Б1** – мали комерцијални и деловни намени<br>**Б2** – големи трговски единици<br>**Б4** – деловни простори.<br>**Д – зеленило и рекреација**<br>**Д2**– заштитно зеленило.<br>**Е- инфратсруктура**<br>**Е1**–комунална инфраструктура - планирање на сообраќајна и друга<br>инфраструктура<br>**Е2**–комунална супраструктура – планирање на трафостаници и друга супраструктура<br>Заради флексибилност на планот при одредување на намената на земјиштето како планска одредба потребно е да се утврди максимален процент на компатибилна класа намена согласно член 31 Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 134/16, 33/17 и 86/18).<br>Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на лугето,воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл. Овие влијанија се оценуваат како можни,локални,повратни и неповратни краткорочни влијанија.<br>Во оперативната фаза новоизградените објекти во планскиот опфат може да бидат потенцијални извори на емисии кои негативно може да влијаат врз медиумите од животната |

| | |
|---|---|
| | средина и здравјето на населението |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со реализација на планскиот документ во однос на водовите за снабдување со електрична енергија и вода кои се постојни и треба да се планираат со поголем капацитет заради зголемувањето на вкупната површина за градење на комплексот и тие да се предвидат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори. Зелените површини во рамките на парцелата треба да бидат застапени во солиден однос во споредба со останатите површини согласно Законот за урбано зеленило(сл. Весник на РМ 11/18), но сепак зеленилото има примарна функција во раздвојувањето на просторот според неговата намена. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на зголемена фреквенција на сообраќај,несреќи, пожари и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Површината на Општина Охрид изнесува 378,3км2, а во неа се регистрирани 29 населени места со 53 857 жители. Во ГУП на град Охрид градот е третиран во системот на урбани населби-град со посебни амбиентални, културни, естетски, архитектонски и други вредности. Административно-територијалната поделба на градот извршена е на урбани заедници. Во содржината на урбаните заедници доминира домувањето, но во некои од нив во голема мера присутни се и нестамбени содржини-индустрија, сервиси, хотелиерство, културно-историски споменици и др. Опфатот на овој плански документ припаѓа на с.Лескоец Општина Охрид,во област заштитена како природно и културно наследство од страна на УНЕСКО и опфаќа површина од25,10 ха. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија и ќе се овозможат нови вработувања. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** Областа со реализација на планскиот документ ќе добие зголемена вредност на околното земјиште.Од друга страна со зголемување на густината на изграденост се менува амбиенталноста на просторот и пејсажните карактеристики. Просторот кој е предмет на планирање се наоѓа на рамен терен покрај магистралниот пат Охрид-Битола. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Просторот на предметниот опфат се наоѓа на околу 10км на северната страна на градот Охрид . Најважна карактеристика на овој регион е изобилството со богата флора и фауна и ендемични видови, а областа е еколошки чиста и е во опфат на на област заштитена како природно и културно наследство од страна на УНЕСКО .На просторот на планираниот опфат не се регистрирани никакви артефакти Доколку при уредување на просторот се наиде на археолошки артефакти, односно до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност, потребно е да се постапи согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство, односно веднаш да се запре со отпочнатите активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство. |

| | |
|---|---|
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Може да има влијание врз квалитетот на животната средина,квалитетот на воздухот поради зголемена фреквенција на возила, како и квалитетот на површинските и подземните води како резултат на несоодветно управување со отпадот. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето на кое ќе се реализира планскиот опфат претставува градежно земјиште и нема интензивна употреба . |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Планскиот опфат се наоѓа во границите на подрачјето заштитено како природно и културно наследство од страна на УНЕСКО.<br>Во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа Сулфатарата Косел и Коселска река. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Просторот кој е предмет на изготвување на оваа планска документација е со класи на намена
За **мало стопанство и сервиси** - **Г2, Г3, Г4, Б1, Б2, Б4**
За **терцијален сектор** – **Г2, Г3, Г4, Б1, Б2, Б4**
**Г - производство, дистрибуција и сервиси;**
**Г2** – лесна и незагадувачка индустрија;
**Г3** – сервиси;
**Г4** – стоваришта.
**Б – комерцијални и деловни намени**
**Б1** – мали комерцијални и деловни намени
**Б2** – големи трговски единици
**Б4** – деловни простори.
**Д – зеленило и рекреација**
**Д2**– заштитно зеленило.
**Е- инфратсруктура**
**Е1**–комунална инфраструктура - планирање на сообраќајна и друга инфраструктура
**Е2**–комунална супраструктура – планирање на трафостаници и друга супраструктура
Заради флексибилност на планот при одредување на намената на земјиштето како планска одредба потребно е да се утврди максимален процент на компатибилна класа намена согласно член 31 Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15,222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Со урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нејзина надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на просторот кој е предмет на планирање се наоѓаат градските гробишта.В непосредна близина е селото Лескоец каде се застапени објекти за домување и земјоделски парцели.
Теренот на кој се наоѓа планскиот опфат е рамничарски, а во близина се наоѓаат и други објекти од лесна и незагадувачка индустрија.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на**

**животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени. Неопходно е согледување на реалните капацитети на постојната инфраструктура за обезбедување на потребите на градбите во рамки на планскиот опфат.
Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе придонесе за зголемен развој на Општина Охрид од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и сл.
Од друга страна, од аспект на животната средина во оперативната фаза на објектите може да генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина , односно:
Воздух: Зголемена фреквенција на возила, работни активности на услужните објекти, употреба на енергенси
Бучава:Зголемено ниво на бучава од превозните средства
Вода:На предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води. Несоодветното третирање на отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води, како и квалитетот на почвата. Во границите на планскиот опфат се предвидува изградба на сепарациона канализациона мрежа-фекална и атмосферска.
Почва:Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.
Транспорт:Зголемена фреквенција на возила по регионалниот пат
Енергија:Зголемена потрошувачка на енергетски ресурси
Отпад:Генерирање на отпад
Во стратегиското планирање акцентот на развојот на локацијата треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:
-Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата
-Придонес во локалната и националната економија

К**ои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?**
Со новоизградените плански површини ќе се зголеми потрошувачката на вода, струја, а исто така ќе се зголеми и фреквенцијата на сообраќајот. Но исто така истите ќе бидат извори на емисии во воздухот од производните процеси и сообраќај , ќе се генерираат отпадни води, ќе се генерира отпад и бучава.
Неправилно управување со отпадот, начинот на греењето на објектите, неправилно постапување со отпадните води од објектите може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Урбанистичката документација е поврзана со:
-Просторниот план на РМ
-Просторен план на Охридско-Преспански регион(2010)
-Национален акционен план за животна средина

-Стратешки план за локален економски локален развој на Општина Охрид 2002-2012
-Национален план за управување со отпад
-План за управување со отпад на Општина Охрид
-Втор Национален Еколошки Акционен План
-ЛЕАП на Општина Охрид 2012
-Национална стратегија за одржлив развој 2009
Целите на сите наведени плански документи се усогласени со планот и нема разлика во клучните одлуки

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

За реализација на системот за заштита на животна средина потребно е да се почитува :
-Селектирано и организирано депонирање на отпадот на депонијата Буково
-Озеленување на дворните површини
-Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот
-Изградба на современа инфраструктура
-Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадувањето на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина како пред оштетувањето
-Доследно спроведување на планот
Подетални анализи од влијанието на изградбата на планираните објекти врз животната средина ќе се разгледа во понатамошните фази преку изработка на студиите за Оцена на влијанието врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Во рамки на планскиот опфат е предвидена реализација на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Изготвениот извештај за СЕА ќе даде понатамошни насоки за донесување на одлуките во подоцнежната фаза.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>Д-р Константин Георгиески |
| Датум<br>Место Охрид | М.П. |